Your complimentary use period has ended. Thank you for using PDF Complete.

Click Here to upgrade to Unlimited Pages and Expanded Features



...унапредување на регионалната парламентарна соработка, Собранието на Република Македонија смета дека државите од регионот треба да ја разгледаат идејата на Европската комисија за воспоставување на Балканска конференција на националните парламентарни комисии за европски прашања, со перспектива да се добие специјален статус во рамките на Конференцијата на парламентарните тела за европски прашања (COSAC);

6. Се залага за обезбедување на поголемо учество на парламентарната димензија на процесот на приближување на Република Македонија во членство во ЕУ во програмите за соработка и помош што Република Македонија ги има или добива од ЕУ во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација;

7. Оваа декларација да се достави до Европскиот парламент и до Европската комисија;

8. Оваа декларација ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2819/1
11 јуни 2003 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

922.

Врз основа на член 5 од Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 4/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јуни 2003 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ГОДИШНИНИ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО 2003 ГОДИНА

Член 1

Со Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година (во натамошниот текст: Програма) се определуваат годишнините на значајните настани и истакнати личности од посебно значење за државно-правниот развој на Република Македонија, афирмацијата на нејзиното историско и културно наследство и негување на општоцивилизациските вредности и државните празници на Република Македонија, утврдени со закон, коишто ќе се одбележуваат во 2003 година.

Член 2

Во 2003 година ќе се одбележат следниве годишнини на значајни настани и истакнати личности:

1. 250 години од смртта на Христофер Жефарович (1753 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за национална историја, Републички завод за заштита на спомениците на културата.

2. 125 години од Кресненското востание (1878 година)

Носител: Собрание на Република Македонија.

3. 125 години од смртта на Ѓорѓи Динката (1878 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за македонски јазик, Институт за фолклор.

4. 110 години од формирањето на ВМРО (1893 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Министерство за култура, Министерство за образование и наука.

5. 110 години од смртта на Григор Прличев (1893 година)

Носител: Влада на Република Македонија, МАНУ, Институт за македонски јазик, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески".

6. 100 години од излегувањето на книгата „За македонцките работи" (1903 година)

Носител: Влада на Република Македонија, МАНУ.

7. 90 години од Букурешкиот договор (1913 година)

Носител: Влада на Република Македонија.

8. 90 години од издавањето на:

- првиот број на „Македонски голос" од Димитрија Чуповски (1913 година) и
- Географската карта на Македонија од Димитрија Чуповски (1913 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за македонски јазик.

9. 90 години од Меморандумот до големите сили за формирање на самостојна македонска држава (1913 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за национална историја.

10. 60 години од формирањето на КПМ (1943 година)

- Издавањето на Манифестот на ГШ на МНОВ и ПОМ (1943 година),
- Приговорот на Манифестот на ГШ на МНОВ и ПОМ (1943 година) и
- Преспанскиот состанок на ЦК КПМ (1943 година).

Носител: Влада на Република Македонија, Сојуз на борците на НОАВМ (Народно ослободителната антифашистичка војна на Македонија).

11. 60 години од депортацијата на Евреите од Македонија (1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Еврејска заедница на Македонија.

12. 60 години од смртта на Страшо Пинџур и смртта на Мирче Ацев (1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за национална историја, Сојуз на борците на НОАВМ, Општина Прилеп, Општина Кавадарци.

13. 60 години од загинувањето на Никола Парапунов (1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за национална историја.

14. 60 години од формирањето на АРМ (1943 година)

- Формирањето на баталјонот „Мирче Ацев" (1943 година),
- Формирањето на Првата македонско-косовска НОУБ (1943 година) и
- Формирањето на Втората македонска НОУБ (1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Министерство за одбрана.

15. 60 години од стрелањето на ваташките младинци (1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Сојуз на борците на НОАВМ, Општина Кавадарци.

16. 60 години од формирањето на СНОФ (1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за национална историја.

17. 60 години од формирањето на Горноџумајскиот партизански одред „Никола Калапчиев" (1943 година),

- Формирањето на Разловечкиот партизански одред „Јане Сандански" (1943 година) и
- Загинувањето на Анешти Узунов (1943 година).

Носител: Влада на Република Македонија, Институт за национална историја.

18. 60 години од формирањето на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ (1943 година)

- Фуштанското партиско советување (20 декември 1943 година) и
- Првиот конгрес на младината на Македонија (22 декември 1943 година)

Носител: Влада на Република Македонија, Институт по историја на Филозофскиот факултет - Скопје, Сојуз на борците на НОАВМ.